Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

- Сектор за политики од областа на трудово право и политики за вработување -

**Архивски број: 08-3828/2**

**Датум:** 25 -06- 2020

**До:** **Македонско здружение за заштита при работа (МЗЗПР)**
- ул. „Востаничка“ бр.2/7, 1000 Скопје

**Врска:** **Ваш број 0302/32-1**

**Предмет:** **Одговор на допис**

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис бр. 0302/32-1 од 15.6.2020 година, со кој барате одредени појаснувања поврзани со безбедноста и здравјето при работа и работата од дома, Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Државниот инспекторат за труд, Ви го дава следното мислење:

Како што и самите наведувате во Вашиот допис, согласно моментално важечката регулатива, прашањата поврзани со „работата дома“ се уредени со членот 50 од Законот за работните односи. Од одредбите од овој закон, пред сѐ произлегува обврската за склучување на посебен договор за вработување помеѓу работодавачот и работникот доколку работникот својата работа ќе ја врши од дома, т.е. во својот дом или други простории по свој избор кои се надвор од деловните простории на работодавачот. Сите права, обврски и услови кои зависат од природата на работата дома треба да бидат уредени помеѓу работодавачот и работникот со склучувањето и во рамките на овој Договор за вработување со вршење на работа дома. Содржината и на овој вид на договор за вработување е во согласност со одредбите од членот 28 од Законот за работните односи, при што треба да се имаат во превид и одредбите од членот 50. Согласно ставот 6 од членот 50, при склучувањето на договорот за работа дома, обврска на работодавачот е и да обезбеди безбедни услови за заштита при работа дома.

Истовремено и согласно важечките одредби од Законот за безбедност и здравје при работа (Член 5) обврска на работодавачот е да обезбеди безбедност и здравје при работа за своите вработени од секој аспект поврзан со работата. И во рамки на неговите обврски, тој е обврзан да презема мерки потребни за безбедноста и здравјето при работа на вработените, вклучувајќи заштита од професионални ризици, обезбедување на неопходни информации и обуки и обезбедување на соодветна организација и потребни средства.


Министерство за труд
и социјална политика
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk

Покрај тоа, треба да се има во предвид и дека законска обврска на работодавачот е Договорот за вработување за вршење на работа дома, во рок од три дена од денот на склучување, задолжително да го достави до инспекторот на трудот, кој во одредени услови, т.е. ако работата дома е штетна за работниците или за животната и работната средина каде што се врши работата, може на работодавачот да му го забрани организирањето на работа дома.

Во врска со Вашето прашање кое се однесува на евентуална повреда при работа, имајќи ги во предвид одредбите во овој дел и од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, наше мислење е дека доколку се утврди дека природата на повредата и нејзиното настанување е во согласност со одредбите од членот 39 од Законот за ПИО и истата е „причински поврзана со вршењето на работите на работното место“, при постоење на валиден Договор за вработување со вршење на работа дома и исполнети други законски обврски кои се однесуваат на повреда при работа, како на пример нејзино навремено пријавување до надлежниот инспекторат, поседување на соодветна медицинска документација итн., повредата треба да се признае и да се третира како „повреда на работа“, и соодветно да се остваруваат правата кои произлегуваат од тоа.

Истовремено би сакале да ја искористиме приликата дополнително да ја истакнеме важноста на работата од дома, како една од можните организациони форми на вршење на работата и работните задачи, чие што значење и можностите кои таа ги нуди уште повеќе беа согледани од сите, токму во условите на моменталната криза предизвикана од пандемијата од болеста COVID-19. Исто така, се беше воочено и дека постои неопходност за уште посоодветна и попрецизна регулација на „работата од дома“, како во делот на нејзиното организирање, правата и обврските, така секако и во однос на обезбедувањето на соодветни мерки за БЗР за работниците кои ќе работат на овој начин.

Како што Ви е познато, во завршна фаза е подготовката на нов Закон за работните односи кој се изготвува во соработка и консултација со сите засегнати страни, пред сè социјалните партнери, коморите, научната јавност итн. Потребата за подобрување на законската уреденост на работата од дома е препознаена и веќе во подготвениот нацрт-текст на Законот е извршено подобрување и допрецизирање на законските одредби кои се однесуваат на ова прашање. Истото ќе се има во предвид и при подготовката на новиот Закон за безбедност и здравје при работа, постапка која е иницирана и на што ќе се работи во наредниот период.


Министерство за труд
и социјална политика

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk

За таа цел би можеле и Вие како субјект кој долг период работи на прашања поврзани со безбедноста и здравјето при работа и работничките права, во овој период на утврдување на потребните законски измени и подобрувања, да дадете свој придонес преку Ваши конкретни идеи, препораки, видувања и предлози за тоа како сметате дека би било најсоодветно законски да се уредат овие прашања во насока на нивно допрецизирање и доуредување, како и за поголема заштита на безбедноста и здравјето на работниците кои работат од дома.

**Ова е мислење на Секторот за политики од областа на трудот и политики за вработување во Министерството за труд и социјална политика и истото нема правна сила на толкување на закон и не може да претставува основа за негово користење, или употреба како доказ пред суд или други органи или институции за остварување на одредени права во корист на подносителот. Надлежен орган за давање на овластено толкување на Закони е Собранието на Република Северна Македонија, согласно член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија.**

Со почит,

Заменик министер,
***Gjonul Bajraktar***

Изработил: Дарко Дочински
Контролирал: Мирјанка Алексевска
Согласен: Миле Стојановски


Министерство за труд и социјална политика
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk